Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 50 став 1 точка 6 и член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 5 став 1 точка 10 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/12,163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/20, 255/24, 3/25 и 17/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 12-та седница одржана на ден __.06.2026 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за обележување на сообраќајници со полни и испрекинати линии, пешачки премини, такси постојки, паркинзи и други обележја за регулирање на сообраќајниот режим на територијата на Општина Велес за 2026 година

### Член 1

**Вовед**

Со оваа програма се предвидува редовно одбележување на сообраќајниците со полни и испрекинати линии, пешачки премини, такси постојки, паркинзи и други знаковни содржини за обележување и одржување на сообраќајна сигнализација за регулирање на сообраќајниот режим на улици и општински патишта заради редовно и инвестиционо одржување на територијата на општина Велес за 2026 година.

Целта на програмата е постојните линии на сообраќајните редовно да се обновуваат, како и да се обележуваат сите потребни нови линии со цел непречено и безбедно функционирање на сообраќајот на улиците и општинските патишта на подрачјето на Општина Велес.

### Член 2

**Активности**

Со програмата се предвидува маркирање и обележување на сите потребни линии на сообраќајниците, пешачките премини, постојки, паркинзи и други знаковни содржини за обележување и одржување на сообраќајна сигнализација за регулирање на сообраќајниот режим на улици и општински патишта заради редовно и инвестиционо одржување на територијата на Општина Велес за 2026 година.

### Член 3

**Финансирање**

Финансиските средства планирани за одржување на сообраќајна сигнализација на улици и општински патишта во Општина Велес за 2026 година изнесуваат 1.500.000,00 денари со вклучен ДДВ и истите ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Велес во Програмата за активности на Општина Велес во областа на уредување на градежно земјиште во 2026 година.

**Член 4**

**Мониторинг**

Надзорот над реализацијата на Програмата за одбележување на сообраќајници со полни и испрекинати линии, пешачки премини, такси постојки, паркинзи и други знаковни содржини за обележување и одржување на сообраќајна сигнализација за регулирање на сообраќајниот режим на улици и општински патишта на територијата на Општина Велес, ќе го врши Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој при Општина Велес преку своите служби и комуналната инспекција на Општина Велес.

**Член 5**

**Завршни одредби**

Програмата влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

| Спецификација за обележување на хоризонтална патна сигнализација | | |
|---|---|---|
| Реден број | Опис | Единечна мерка |
| 1 | Маркирање на линија | м |
| 2 | Обележување на надолжни линии (полни и испрекинати) | м |
| 3 | Обележување на пешачки премин | м2 |
| 4 | Обележување на стоп линија | м2 |
| 5 | Обележување на Х- знаци за предупредување | м2 |
| 6 | Обележување на насочни стрелки-еднострани | бр. |
| 7 | Обележување на насочни стрелки-двострани | бр. |
| 8 | Обележување на тријаголник за предупредување | бр. |
| 9 | Обележување на шрафирани површини (со полна линија) | м |
| 10 | Обелешување на рабници | м |
| 11 | Обележување на разделни острови | м2 |
| 12 | Обележување на паркинг места | бр. |
| 13 | Обележување на Х-знаци за забрането паркирање | бр. |
| 14 | Обележување на автобуско стојалиште, комплет со ознаки | бр. |
| 15 | Обележување на ознака ШКОЛО | бр. |
| 16 | Обележување на место за Taxi, комплет со ознаки | бр. |
| 17 | Обележување на место за инвалиди, комплет со | бр. |
| | | |
| 18 | Обележување на место за електрични возила, | бр. |
| 19 | Обележување на место за резервиран паркинг, | бр. |
| 20 | Обележување на хуманитарен и еколошки паркинг, | бр. |
| 21 | Поставување на ладна пластика | м2 |
| | | |
| | | |

| Материјали за обележување хоризонтална патна сигнализација | | |
|---|---|---|
| Реден број | Опис | Единечна мерка |
| 1 | Боја за обележување: бела, жолта, црвена, црна, сина, зелена | кг |
| 2 | Стаклен перлит | кг |
| 3 | Разредувач | кг |
| 4 | Ладна пластика | кг |

Претседател
на Совет на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Заради одржување на сообраќајната сигнализација на улици и општински патишта, под што се подразбира нејзино редовно редовно и инвестиционо одржување потребно е Општина Велес по претходна согласност од Советот на Општина Велес, да донесе Програма за обележување на сообраќајници со полни и испрекинати линии, пешачки премини, такси постојки, паркинзи и други обележја за регулирање на сообраќајниот режим на територијата на Општина Велес за 2026 година.

Врз основа на оваа Програма ќе се врши маркирање и обележување на сите потребни линии на сообраќајниците, пешачките премини, постојки, паркинзи и поставување на други знаковни содржини за вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација за регулирање на сообраќајниот режим на улиците и општинските патишта на територија на Општина Велес.

Финансиските средства планирани за одржување на сообраќајната сигнализација на улици и општински патишта во Општина Велес за 2026 година се обезбедуваат од Буџетот на Општина Велес во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на уредување на градежното земјиште во износ од 1.500.000,00 денари со вклучен ДДВ, а спецификацијата за обележување на хоризонтална патна сигнализација претставува составен дел на оваа Програма.

Над реализацијата на оваа програма ќе се врши надзор од страна на Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој при Општина Велес преку своите служби и комуналната инспекција на Општина Велес.